Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Министерство за образование и наука**

Бр. 13-2549/2
15-04-2011 год.

Мито Хаџивасилев Јасмин б.б,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел: (02) 3117896
Факс: (02) 3118414

Сајт: www.mon.gov.mk

ISO 9001:2008

До
ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И
КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО
УНИВЕРЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИ“
СКОПЈЕ

ПРЕДМЕТ: **Доставување на мислење**
ВРСКА: Ваш допис од 11.04.2011 година

Почитувани,

Министертвото за образование и наука, надлежно за работите на високото образование, со внимание го разгледа вашето барање по повод стручните називи кои студентите ќе ги добиваат на Факултетот за информатички науки и комјутерско инженерство во состав на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“–Скопје со завршување на пренесените студиски програми од Факултетот за електротехника и информациски технологии и Природно-математичкиот факултет и во рамките на своите надлежности го дава следното мислење:

Согласно член 9 став 2 од Законот за основање на Факултетот за информатички науки и комјутерско инженерство во состав на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“–Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 171/10) затекнатите студенти на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет и Институтот за комјутерска техника и информатика при Факултетот за електротехника и информациски технологии од студиската 2011/2012 може да го продолжат своето образование и на Факултетот за информатички науки и комјутерско инженерство според студиската програма по која ги започнале студиите.

Стручниот односно научниот назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма согласно член 2 од Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/11) е задолжителна компонента при акредитацијата на секоја студиска програма.

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

Согласно член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10 и 17/11) на студиските програми од прв, втор и трет циклус на студии, акредитација врши Одборот за акредитација, а решение за почеток со работа дава министерството надлежно за работите на високото образование.

Факултетот за информатички науки и комјутерско инженерство основан со Законот за основање на Факултетот за информатички науки и комјутерско инженерство во состав на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј"–Скопје согласно одредбите од Законот за високото образование е запишан во Регистарот на високообразовни установи под број 44.

Имајќи го предвид горенаведеното ве известуваме дека стручните називи кои ќе ги добиваат студентите на Факултетот за информатички науки и комјутерско инженерство со завршување на пренесените студиски програми ќе бидат исти со стручниот назив на истите студиски програми кои се изведуваат на Природно-математичкиот факултет и Факултетот за електротехника и информациски технологии во состав на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј"–Скопје.

Со почит,

**МИНИСТЕР**

**Никола Тодоров**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
2
СКОПЈЕ

**Доставено до:**

- **примач**
- **архива**

изготвил: Марика Парцанова
прегледал: Борчо Алексов
одобрил: м-р Агим Рушити